Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" број 58/00, 44/02 и 82/08) министерот за финансии донесе

# УПАТСТВО
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО ОД ЦАРИНА И ДРУГИ ДАВАЧКИ, АКЦИЗА И ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ (ДДВ), ПРИ УВОЗ НА ДОБРА-СТОКИ И ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА АКЦИЗА И ДДВ ЗА ПРОМЕТОТ НА ДОБРА И УСЛУГИ ВО ЗЕМЈАТА, ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОЕКТИФИНАНСИРАНИ СО ПАРИЧНИ НЕПОВРАТНИ СРЕДСТВА НА СТРАНСКИ ДОНАТОРИ

## Член 1

(1) Во Упатството за начинот на спроведување на ослободувањето од царина и други давачки, акциза и данок на додадена вредност (ДДВ), при увоз на добра-стоки и за обезбедување на средства за плаќање на акциза и ддв за прометот на добра и услуги во земјата, потребни за реализирање на проекти финансирани со парични неповратни средства на странски донатори (бр. 08-17077/1 од 7 август 2003 година и дополнување бр. 10-3780/1 од 10 февруари 2005 година), во членот 5 во ставовите (2) и (4) зборовите „Сектор за даночна политика и администрација" се заменуваат со зборовите „Сектор за систем на утврдување и наплата на даноци, такси и други јавни приходи".

(2) Во ставот (7) зборовите „Сектор за даночен и царински систем" се заменуваат со зборовите „Сектор за систем на утврдување и наплата на даноци, такси и други јавни приходи".

## Член 2

Членовите 6 и 7 се бришат.

## Член 3

(1) Во членот 9, во насловот зборовите „и отварање на сметка во деловна банка" се бришат.

(2) Во ставот (1) зборовите „и за враќање на платена акциза и ДДВ, за набавените добра и користени услуги во Република Македонија за службени потреби (струја, вода, телефон, греење, гориво, канцелариски материјали и сл.) за реализирање на проекти," се бришат.

(3) Ставот (3) се брише.

**Член 4**

(1) Ова упатство влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, членовите 2 и 3 на ова упатство ќе се применуваат од 1 јули 2010 година за прометите извршени заклучно со 31 декември 2009 година за регистрираните проекти.

Број 20 - 44415/1
29 декември 2009 година

**Заменик Претседател на Влада**
**и Министер за финансии**
**м-р Зоран Ставрески, с.р.**